СТОМАТОЛОШКА КОМОРА
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02 – 1209/1
09.10 2018 год
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

од седница на Извршен одбор на СКМ одржана на 02.10.2018 година

Седницата се одржа во полн состав , при што на седницата присуствуваше и председателот на Надзорниот Одбор. Д-р Ѓорѓи Топузовски.

На почетокот беше усвоен Предлог-дневниот ред и истиот стана Дневен ред :

Усвојување на Предлог-дневниот ред

1.Усвојување на записник од претходна седница

2.Разгледување на состојбата со секундарна стоматолошка здравствена заштита во Републка Македонија

3.Разно

## ЗАПИСНИК

1.По однос на записнкот од претходната седница на Извршниот одбор, д-р Александра Табаковска со забелешка во делот кајшто таа имала излагање и тоа : на местото дека поединечните анкетни листови не се пополнети од регионите, туку од претставникот кој ги пополнувал и дека ставот не е на регионот туку е личен став како член на ИО на СКМ.

Доктор Фисник Касапи истакна дека во делот од записникот од претходната седница : "Тој укажа дека е со став дека од Фондот за здравствено осигурување треба да се бара пациентите, по однос на здравственото осугурување во делот на стоматологијата, да добиваат годишен пакет на услуги. Сѐ што е дополнителна услуга што не е опфатена со годишниот стоматолошки пакет, пациентот да ја плаќа приватно. Притоа, цените на услугите да се реални..", е испуштено и треба да се додаде: "вид на пакет кој треба да се прилагоди" и да се тргне зборот "приватно " – односно "пациентот да ја плаќа приватно".

Доктор Ѓорѓи Топузоски со забелешка за записникот од претходниот состанок на ИО дека во делот на објаснувањето за тимот во стоматолошката ординација треба да стои дека доколку докторот е приватник да не биде обврзен со сестра, односно ординацијата со тим доктор-сестра.

Записникот со измени и дополнување едногласно беше усвоен.

2.Во врска со втората точка од дневниот ред, претседателот на ИО, д-р Мирилинд Селими, отвори расправа по однос на истата точка, по што збор даде на претседателот на Комората, д-р Маријан Денковски кој даде поопширен извештај за она што е сработено и за тоа што следи да се сработи од страна на Комората во врска со ова прашање.

-Тој укажа дека постоечките договори за секундарна стоматолошка дејност, односно мрежата на ординации, не ја почитуваат ниту Фондот за здравствено осигурување ниту Министерството за здравство.

-Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување не ги пополнуваат празните места за специјалистички ординации во мрежата. Ставот на институциите досега бил, како што истакна д-р Маријан Денковски, дека оние кои при концесионирањето во првиот наврат влегле во мрежата, а се повеќе од предвидените проекции на двете институции, сега треба да се намалат (по однос на пензионирање или др..). Според информациите што ги има добиено од Фондот и министерството и согласно уредбата за мрежа на специјалсти потребни во РМ ( во Прилог) , во моментов постои празно место за влегување во мрежа со договор со Фондот за специјалист протетичар, во североисточниот регион, и има места за ортодонти во државата , но не поради тоа дека реално треба туку затоа штто за ортодонтите важи на 8000 жители еден специјалист, а не како за другите две специјалности од 80.000 до 100.000 жители . За жал потребниот број на спец.тимови е е надминат уште при првото правење на мрежата, односно има вишок на ординации што уште од тогаш влегле во мрежа (во мрежа влегле сите затекнати установи во тој момент а нивниот број бил поголем од предвиденото со уредба на министерството ),и Министерството не ја проширува мрежата со договори со нови специјалистички стоматолошки установи.

Тој ги истакна бројките од приберените податоци од регистер на Комората , од Стоматолошки факултет во Скопје , од Деканатот на истиот факултет , како иод ФЗОМ за специјалисти по различни гранки .

1.**Дипломирани специјалисти од 2010 до денес според Стоматолошкиот Факултет Скопје**

79 – Орална Хирургија

69 – Стоматолошка протетика

99 – Ортодонција

Општо - 247

2. **Специјалистички лиценци издадени од С К М**

125 – Орална хирургија

202 – Стоматолошка протетика

190 – Ортодонција

Општо – 517

3. **Активни договори на ФЗОМ со Специјалисти**

53 – Орална Хирургија

75 – Стоматолошка протетика

90 – Ортодонција

Општо – 218

-
- Земајќи ги во предвид бројките од 517 специјалисти договор со фондот имаат 218,другите 299 работат без услугите на ФЗОМ. Според бројката од 247 уверенија за специјализација аналитички од ова 20 % ги имаат активирано специјалистичките лиценци со што ни се појавува цифра од 497 специјалисти кои би биле заинтересирани за договор со ФЗОМ.Имајќи во предвид колеги кои се пред пензија како и колеги кои не би покренале иницијатива за пренамена на ординациите аналитички земаме 20% и со тоа би добиле бројка од околу 400 специјалисти реално заинтересирани за склучување на договор со ФЗОМ.

-Претседателот на Комора укажа дека имал поединечни средби , но и заеднички средби со министерт Филипче со докторите специјалисти кои работат во специјалистички ординации во мрежа , но и и со специјалисти кои не се дел од мрежа и кои најглем број работат со лиценца за примарна дејност во општи одринации , како и средби на кои учествувале представници на двете групи на специјалисти. На средбите со министерот Филипче преовладувал ставот дека министерството и владата се спремни да помогнат за решавање на проблемите на специјалистите , но дека е потребен конзензус и заеднички став кој треба да се изготви во органите и телата на Комората по што ќе се презентира на заеднички средби со министерствоо и ФЗОМ.

Др Денковски ги посочи основните барања на специјалистите во мрежа и кажа дека тие барања се воглавно познати од минатите години и се однесуваат на иземање на техниките од нивните договори, зголемување на лимитот по тим , како и промена на ценовникот и методологијата на пресметки на цени која е од 1992 година непроменета .Следно барање е да се овозможи да се вработува втор доктор во тимот со лиценца за општ стоматолог ( т.н.секундарец) за кој не треба да важи одредбата да со него има и сестра кој би бил асистент на носителот на договорот.

Претседателот на ИО, д-р Мирлинд Селими, со прашање дали претседателот на СКМ има податок и за возрасната граница докторите кои имаат договор со Фондот на секундарно ниво, во смисла, да се добие слика за тоа кога би оделе во пензија и со која динамика би се создавале услови за влез на нови ординации во мрежа со договор со ФЗОМ. Др Денковски одговори дека на таа тема се разговара со државниот секретар во минитерство за здравство , Др Владо Милошев и дека се анализираат заедно со институциите.

Доктор Маријан Денковски даде информација дека во Одборот за акредитација на РМ покрај хиперпродукција на специјалистички кадри е во тек и процедура на издавање дозвола /акредитација на приватна академија за специјализации .

Доктор Ќенан Ферати истакна дека доколку тие студии ги поминале сите нивоа на акредитација, со оглед дека едукацијата во високообразовните институции (особено во делот на праксата) е

недоволен, не смета дека тоа е е проблем, туку напротив, дека специјализантот ќе добие многу повеќе можност да научи во приватна здравствена специјалистичка установа.

Како што истакна тој, подобро е да се има добро обучени кадри во приватни специјалистички стоматолошки установи отколку специјалисти кои специјализацијата ја завршиле на некоја од високообразовните институции без доволно познавања од праксата што ќе ја работат.

-Доктор Маријан Денковски укажа и на фактот дека регионите, Министерството и Фондот, ги има дефинирано многу глобално, на пр. Полошки Регион, а не како што е попотребно и пореално регионалната поделба да е направена по градови. Оттука е и неиздржливоста на мрежата по однос на население што е проекција на институциите на државата.

<u>По однос на следните чекори на Комората за проширување на мрежата на стоматолошки здравствени установи на секундарно ниво, членовите на Извршниот одбор со ставови :</u>

-Претседателот на Комората со став дека Стоматолошката комора треба да бара отворање на можност за нови ординации на веќе постоечката мрежа, притоа укажувајќи и на фактот дека од 2007 година не постои промена на мрежата.

-Доктор Оливер Манасиев уакажа дека стратегијата во здравството е правена по урнекот на северноевропските земји, каде што по многу годишна успешна превентива и КЕП индексот е низок и можеби тие бројки се и реални , но во Македонија апсолутно не се применливи и затоа имаме чудни критериуми по однос население /тим . Затоа, тој предложи, за стартна основа во преговорите со ФЗОМ и Министерството да се земе кеп-индексот во Македонија, бидејќи суштината за креирање на државна стратегија во стоматолошкиот здравствен сегмент во овие земји е кеп-индексот . Според него, тоа треба да биде аргументот со кој треба да се бара зголемување на бројот стоматолошки здравствени установи на секундарно ниво во мрежа

-Доктор Фисник Касапи со став – СКМ да бара проширување на мрежата за секундарно ниво со отворање на мрежата со нови договори со нови специјалистички стоматолошки установи, но не врз база да се чека на некој од постоечките договори да се укине по некоја основа.

-Д-р Борче Стојановски укажа дека мрежата на здравствени установи има големи аномалии. Затоа, тој истакна дека треба да се бара мрежата да се планира по населени места, а не по региони. Притоа, укажа од потребата дека мора да се внимава и на уписната политика за втор циклус студии.

Др Денковски исто така објасни дека при разговорите со специјалистите ставот на заедничката група е дека треба да се отвори мрежата за влез на специјалистички стоматолошки здравствени установи до нејзина либерализација, односно до нејзино укинување. Според него, тој процес треба да се сведе на тоа да секој доктор специјалист кој сака да влезе во системот (не во мрежата) по принципот на слободен пазар и пазарот да е тој кој ќе ја покаже бројката на специјалистички тимови потребни , не по региони како досега туку по градови во државата .

Притоа, ставот при разговорите е дека за старт е мошне важно да се знае возрасноста структура на докторите специјалисти кои веќе се во мрежата и да се издејствува Фондот за здравство да не потпишува договори со докторите од секундарна дејност кои исполуваат услови за одење во пензија согласно Закон за ПИОМ.

-Доктор Весна Чемерска укажа на сите свои трошоци што биле поврзани со специјалистичката едукација, отворањето на ординација и сл. и на моментот дека пред запишувањето на специјализацијата веќе имала отворена ординација по примарна стоматолошка здравствена дејност и на промените на политиката на Фондот од 2012 да не потпишува договори со доктори специјалисти кои работат во општа ординација со што има претрпено големи финансиски загуби и покрај своето надградување како професионалец.

Таа, докторите специјалисти ги подели во:

- Оние кои имале развиени општи ординации и кои по специјализирањето не добиле можност да влезат во мрежата како специјалисти.
- Доктори специјалисти кои веднаш влегле во мрежата со специјалистички ординации.

Доктор Весна Чемерска со став дека Стоматолошката комора треба да бара крупни промени. Да се даде решение според кое сите ќе бидат исти. Сите специјалистички здравствени установи да влезат во мрежата и со тоа сите да се најдат на пазарот.

Таа истакна дека мора да се има сознание колку доктори специјалисти ѝ требаат на Македонија. Според неа, државата мора да ги затвори конкурсите за специјализации доколку се има предвид хиперпродукцијата на доктори специјалисти.

Доктор Чемерска потенцираше дека се неминовни законски измени кои ќе го либерализираат влезот на стоматолошките здравствени ординации во мрежата. Таа укажа и на фактот дека е неопходна либерализација и од аспект на креирање на микрофирмите. Наместо државата да ги стеснува правилата за ординациите со налагање на доктор-сестра, да дозволи ординациите да се шират на ниво на поликлиники на примарна со секундарна дејност, без притоа да бидат наметнати сегашните големи трошоци од аспект на двојна евиденција, двојно сметководство, отворање на нова фирма за едната или другата ординација и сл. Барањето е, специјалистичката и општата ординација да може да се сведат на дејност - во смисла на отворање на поликлиника или поинаку кажано, еден приватен субјект без оглед на видот на лиценцата на докторот.

-Доктор Оливер Манасиев истакна дека од Министерството за здравство треба да се бара да се окрупнат здравствените установи, специјализацијата да не ја исклучува општата пракса, со аргумент дека на тој начин пациентите ќе добиваат поквалитетна услуга.

-Со ист став и д-р Јордан Стојаноски кои потенцираше дека Комората мора да е на стојалиште дека доколку докторот има специјалистичка лиценца да може да работи и примарна дејност и истото да се применува и на ниво на ординација или поликлиника која доколку има доктори

специјалисти и доктори од примарна дејност да може да се регистрира како поликлиника и од примарно и од секундарно ниво, а не едното да го исклучува другото.

-Доктор Фисник Касапи истакна дека формулата на Комората што треба да ја предложи е едне правен субјект а во него да има колку што е финансиски, просторно, технички и по основ на кадар оправдано - ординации.

-Доктор Денковски истакна дека до Комората е стигнат и допис од докторите специјалисти по болести на забите и ендодонтот , како и од доктори специјалисти по болести на уста и пародонт кои укажуваат на проблемите во нивната специјалистичка дејност и на нивно непрепознавање од системот и тој продолжи дека е нужно ви системот да влезат и докторите спецјалисти ендодонти и пародонтолози и дека, како за примарна дејност, е потребно да се формира и времена комисија за преговори за секундарна дејност, со што ќе се излезе и во пресрет на заложбите на министерот за здравство специјалистите да не одат одвоено со предлози за недминување на проблемите на секундарно ниво,и затоа е потребно времената Комисија на Комората за секундарна дејност да ги сумира проблемите и даде сугестиитеи предлог решенија за долгорочно надминување на проблемот .

На предлог на претседателот на Комората во времена Комисија за преговори за секундарна дејност и со отворена дискусија за профилот на специјалисти кои ќе учествуваат во истата на повеќето членови на ИО едногласно беа изгласани : спец.д-р Весна Чемерска Попова (ортодонт) – претседател и членови : спец.д-р Мирилинд Селими (максилофацијален хирур со договор со ФЗОМг), спец. д-р Константин Гетов (протетичар-со ФЗОМ ) , спец.д-р Мери Шапуриќ (протетичар концесионер ), спец.д-р Александар Стојановски (орален хирург кој нема договор со ФЗОМ ), спец.д-р Финсик Касапи (орален хирург со ФЗОМ), спец.д-р Оливер Манасиев (орален хирург кој работи како примарен стоматолог).

ИО исто така донесе заклучок на сите членови на комисијата , но и на предходно назначената за примарна стоматологија да се изготватат решенија за учество во истите.

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, врз основа на член 28 и член 49 точка 2 од Статут на својата седница одржана на 02.10.2018 донесе **Одлука за формирање на времена Комисија за изготвување на стратегија за секундарна стоматолошка здравствена заштита.**

.

3.Разно

-На барање на членовите на ИО, претседателот на времената Комисија за преговори за примарна дејност, д-р Борче Стојановски, даде поопширен извештај за првата седница на оваа Комисија.

Тој укажа дека тоа, во суштина, била конститутивна седница. На седницата од пет присуствувале три члена од кои едниот го најави своето отсуство а другиот неоправдано отсуствувал.

На седницата опширно се дискутирало за состојбата во примарна стоматолошка здравствена заштита и за начинот на плаќање на установите во примарна дејност кои имаат договор со Фондот. Во таа смисла имало и понудено различни решенија за тоа како да се надминат постоечките проблеми и зголеми плаќањето на услугите што ги даваат установите од примарно ниво, во мрежата кои имаат договор со Фондот. Како што истакна д-р Борче Стојановски, на седницата бил образложен предлогот на Извршниот одбор, а бил и разгледан и предлогот за начинот на плаќање на д-р Дафина Богеска. Претседателот на оваа времена Комисија истакна дека ги чека сите предлози по однос на долгорочните мерки за надминување на проблемите во примарната стоматолошка дејност за да ја свика следната седница на Комисијата.

На седницата на ИО беше заклучено дека оваа Комисија набрзо треба да даде сугестии за долгорочно решавање на моделот и начинот на финансирање во примарна дејност за потоа истите да бидат дадени на јавна расправа, а потоа и доставени на разгледување и одлучување на седница на ИО и Собрание, а оттаму доставени до Фондот и Министерството.

Доктор Јован Гагалески укажа на претходните искуства на Комората. Тој ги информираше своите колеги дека и покрај заедничкиот настап на стоматолозите изразен преку претставниците на СКМ пред Министерството и Фондот, од страна на институциите не постоела наклонетост и желба истите да се надминат и дека се надева дека ваквото држење на двете институциите е сменето.

-Претседателот на Извршниот одбор му даде збор на претседателот на Комората да ги запознае членовите на ИО со активностите на СКМ во изминатиот период.

- Доктор Маријан Денковски истакна дека по однос на хиперпродукцијата на кадри во стоматологијата, како на прв степен студии така и на завршени доктори специјалисти е дискутирано на заеднички состанок меѓу Комората и деканите и претставниците на високообразовните институции во државата. Притоа, д-р Денковски посочи дека состаноците на соработка со високообразовните институции ќе продолжат на 09.10.2018 година во насока да се дојде до заеднички заклучок со којштo ќе се заземе и став пред Министерството за образование и здравство, со цел да се усогласи со фактичката состојба и државната стратегија за стоматологијата.
- Доктор Денковски укажа и на иницијативата на министерот за здравство дека треба да се отворат ноќните /викенд / празнични амбуланти за местата со полмаку од десет илјади жители. Членовите на ИО кажаа неколку идеи за како да се регулираат ноќните служби и како би можела да биде исплатата за тие дежурства.
- Претседателот на СКМ даде информација дека Министерствот ги прифаќа заложбите на Комората да го регулира проблемот со спеијалистичките лиценци и неисполнување на условот за 60% работа во дејноста за која ја имаат работната лиценца доколку специјалистот работи во општа ординација.
- На членовите на ИО им беше кажана новата web-страница на СКМ и побара од присутните да ја разгледаат и да дадат свои сугестии.

На седницата беше изложена и работата на Комисијата за статутарни прашања. Беше искаткнато дека работи на изготвување на нови деловници , како и на Правилник за взаемна помош, како и ревидирање на постоечките и нивно усогласување со Статутот на Комора.

- Доктор Маријан Денковски укажа дека до него стигаат информации за некои шпекулации и коментари околу т.н. солидарен фонд. Доктор Денковски истакна дека, според документите во Комора добиени од Стручната служба, во СКМ постои стара одлука од 2011 година во која е запишано дека дел од приходот на СКМ од членарини ќе се одвојува и користи за помагање на членовите на Комората од т.н. солидарен фонд. Тој кажа дека дури во неколку наврати во минатите 7-8 години и е направено исплаќање на средства на колеги на кои таква помош им била потребна по разни основи , но и тоа дека до одлуката на сегашниот состав на Собранието на СКМ не постои ни одлука за отворање на потсметка ниту самата потсметка за солидарен фонд како што е сега и ги покажа првите изводите од истата.
- Претседателот на СКМ истакна дека во текот на викендот се направени средби со колеги од неколку градови: Кавадарци, Ресен, Охрид, Струга и Кичево.

Доктор Весна Чемерска Попова даде информација за како поминала средбата помеѓу претставниците на Комората и Реионот. Таа укажа дека РО Кавадарци е еден од поактивните иако во последниот период биле намалени нивните активности. Даде информација дека средбата со претставниците на органите на СКМ наишле на позитивен одзив и дека и во иднина треба да се има ваква позитивна пракса на средби во членството.

Доктор Александра Табаковска укажа дека колегите од Ресен биле пријатно изненадени што раководството на Комората реализирало средба со колегите во Ресен акцентирајќи дека многу години station наназад не дошло до средба со претставници на органи на СКМ. Докторите на стоматологија од Ресен укажале и на тоа дека се задоволни што Комората работи на нешто конкретно со надеж дека барем дел од проблемите во стоматолошката фела можеби во иднина и ќе се решат. Притоа, укажа дека на најавениот заедничкиот состанок меѓу колегите од Ресен и Битола, претставниците на СКМ не биле поканети.

Др Марина Прентовска од РО Струга кажа дека во Регионот имало позитивен одзив средбата со претставниците на СКМ.

- Претседателот на Комората даде информација и за барањето на РО Гази Баба, Прилеп и од Охрид кои бараат повторување на собраниска седница за која тврдат дека била нерегуларна врз основа на записник од таа собраниска седница. Како што кажа д-р Денковски, записникот направен од членовите на РО Охрид бил изготвен само од претседателот на Регионот, а по она што можеше да се заклучи на одвоената средба помеѓу раководството на СКМ и РО Охрид не биле запознаени другите членови на овој РО. Исто така, укажа дека собранискиот записник врз кој се базираат нивните барања не е усвоен на седница, така што и не може да послужи како аргумент за барањето доставено од трите РО на СКМ. По кратка дискусија ИО на СКМ донесе заклучок наведениот случај ,

но и другите барања со истоветна содржина , па дури и со исти печатни грешки да се претстави и на наредна седница на Надзорен одбор по што НО на СКМ ќе треба да се произнесе и донесе заклучок и одлука согласно Статут на СКМ

- Доктор Денковски даде информација дека студентите од УГД побарале помош за реализација на студентски конгрес во Охрид и ги замоли своите колеги од ИО да ја поддржат неговата намера да им се излезе в пресрет на студентите со средства што би се немениле за изготвување на флаери, банери и сл.по што ИО на СКМ донесе Одлука за покровителство на студентскиот конгрес во Охрид со парична помош за пчатење до 25.000,00 денари.
-

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, врз основа на член 28 точка 15 од Статут на својата седница одржана на 02.10.2018 донесе **Одлука за покровителство за организирање на Конгресот на студентите на УГД во Охрид**.

- Доктор Маријан Денковски посочи дека Комората продолжува со традицијата да ги награди најдобрите студенти кои имаат дипломирано во учебната 2017 година и дека е испратен допис до сите факултети да доставатофицијално известување за најдобрите дипломирани студенти во календарска 2017 година и најдобрите на акредитираните високообразовни институции ќе добијат бесплатно полагање на стручен испит.
- Претседателот на Комора поднесе извештај и за меѓународната активност на СКМ. Тој укажа дека се реализирани средби со националните комори во Загреб, Бјелина и Белград и дека е реактивирана заложбата за членство во ERO ФДИ и CED каде се испратени дописи за членство во истите. Доктор Денковски уакажа дека се реализирани состаноци и со црногорската Комора, дека се направени контакти и со Комората во Р.Косово, Коморите на Лариса и Солун од Грција итн.

Она што ѝ предстои на СКМ, е состанок во Франкфурт каде што е поканет од страна на Др Питер Енгел , председателот на Германската стоматолошка комора што секако представува голем исчекор во понатамошната меѓународна афирмација на Комората . Понатаму д-р Денковски, го информира ИО на СКМ дека е договорен терминот за состанок со претставниците на К4 во Скопје во периодот од 23-25 .11.2018 година и учеството како коорганизатори на Конгресот на "Нови

,технологии" што ќе што ќе го реализира Хрватската комора по дентална медицина од 14-16.12.2018 година . Тој најави дека СКМ има покана и од Комората на Словенија за присуство на меѓународен семинар на членови на СКМ.

**Записничар**

Јасминка М.Јанева

**Претседател на Извршен Одбор на Стоматолошка Комора на Македонија**

Д-р Мирилинд Селими